Заради поголема заштита и безденост на учениците се поставени камери во училиштето и училишниот двор.Училиштето е опремено со противпожарни апарати кои навремено се сервисираат, има два излеза, подготвено план за евакуација во случај на непогоди, редовно се изведуваат и вежби за евакуација, а се реализираат план за заштита и спасување преку редовната настава.Во рамки на Елаборатот за заштита и спасување училиштето има планови за евакуација во случај на опасност.

| Бр. | Планирани содржини | Број на часови | Време на реализација | носител |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Наставни содржини во 1 и 2 одд. | 8 | Сеп-мај | Дана Упчева, А.Минчева, Т.Билалоглу, В.Илиева, Кире Изов |
| 2. | Наставни содржини во 3 и 4 одд. | 10 | Сеп-мај | А.Минчева,В.Аврамова, Ирена Катранџиева, Д.Упчева, Марија Гугова Стоева, С.Карајанова |
| 3. | Наставни содржини во 5 и 6 одд. | 15 | Сеп-мај | Гордана Терзиева, Е.Јованчевска, Д.Вурмо, Дејан Вичентијевиќ, Марија Ангова Цветковска |
| 4. | Наставни содржини во 8 и 9 одд. | 20 | Сеп-мај | Г.Атанасов, М.Божичковиќ, К.Кречев,В.Митров. |
| 5. | Ден за вежбање за заштита и спасување | 5 | 24 Октомври | Директор, наставници, технички персонал |

**ООУ “КОЧО РАЦИН“ НОВ ДОЈРАН** **ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА ОД УЧИЛИШТЕТО**




ПРИЗЕМЈЕ




КАТ

| ЛЕГЕНДА | | | |
|---|---|---|---|
| **СИМБОЛИ** | | | |
| **СИМБОЛ** | **ЗАСТАПЕНОСТ** | **ЗНАЧЕЊЕ** | **ОБЈАСНУВАЊЕ** |
| | 5 | ИЗЛЕЗ | ИЗЛЕЗ (ВРАТА) ОД КОЈ БЕЗБЕДНО МОЖЕ ДА СЕ ИЗЛЕЗЕ ОД ОБЈЕКТОТ |
| | 17 | НАСОКА НА ЕВАКУАЦИЈА | НАСОКА КОЈА ВОДИ КОН НЕКОЈ ОД ИЗЛЕЗИТЕ НА ОБЈЕКТОТ |
| | 0 | НЕМА ИЗЛЕЗ | ПРОСТОР ПО КОЈ НЕ ТРЕБА ДА СЕ ДВИЖАТ ЛИЦАТА КОИ СЕ ЕВАКУИРААТ ОД ОБЈЕКТОТ |
| **БОИ** | | | |
| **СИМБОЛ** | **ЗАСТАПЕНОСТ** | **ЗНАЧЕЊЕ** | **ОБЈАСНУВАЊЕ** |
| | 16 ПРОСТОРИИ | НАСТАВНИ ПРОСТОРИИ | УЧИЛНИЦИ, ХОЛ И СОБЛЕКУВАЛНИ |
| | 9 ПРОСТОРИИ | ХОДНИЦИ | ГЛАВЕН ХОДНИК И ХОДНИЦИ ПРЕД УЧИЛНИЦИ |
| | 6 ПРОСТОРИИ | ТОАЛЕТИ | ТОАЛЕТИ КАЈ УЧИЛНИЦИ И КАЈ ГЛАВЕН ВЛЕЗ |
| | 9 ПРОСТОРИИ | НЕНАСТАВНИ ПРОСТОРИИ | ПРОСТОРИИ ВО КОИ НЕ СЕ ИЗВЕДУВА НАСТАВА (КАНЦЕЛАРИИ, БИБЛИОТЕКА, КУЈНА И ОСТАВИ) |
| | 4 ПРОСТОРИИ | СКАЛИ | ПРОСТОРИИ ПО КОИ ТРЕБА ДА СЕ ДВИЖАТ ЛИЦАТА КОИ СЕ ЕВАКУИРААТ ОД ОБЈЕКТОТ |

*Позитивна социо-емоционална клима*

Во програмата на стручните соработници се планираат содржини за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот раководител,советот на одделенски наставници,советот на предметни наставници и стручната служба во соработка со родителите.Содржините се прилагодени на возраста,интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците и нивните индивидуални потреби.

Целта е да се обезбеди-почитување на личноста, негување на слободата на изразување, остварување на правото на барање, на примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите, еднаквост и правичност, достапност на информации за сите.

Еколошките акции и кампањи се организираат како дел од еколошката програма со цел да се промовираат еколошките активности во пошироката зеадница, да се подигне свеста и да се вклучат поголем број на ученици, деца, вработени, медиуми.

За учениците кои покажуваат негативни промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот) стручниот тим ќе реализира индивидуални разговори и работилници.

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1. Хигиена во училиштето

Грижата на училиштето за заштита и унапредување на здравјето на учениците е обврска која се реализира во соработка со родителите,здравствената служба и пошироката заедница. Во училиштето се обезбедува беспрекорна хигиена на училишните простории. Редовно се набавуваат средства за хигиена. Учениците и вработените имаат обврска одговорно да се однесуваат со цел да се практикува позитивни хигиенски навики како услов за здраво живеење.

-Редовно метење и бришење со крпа во кабинетите

-Редовно бришење по ходниците со средства за дезинфекција и тоа кога учениците се на часови и за време на викенди

-За време на часовите додека учениците се во кабинетите на настава редовно се мијат санитарните јазли со вода и дезинфекциони средства

-Редовно чистење на училишниот двор од отпадоци.

| Содржини на активноста | Време на реализација |
|---|---|
| Предавање од здравствено просветување | XII, IV |
| Пушење и алкохолизам | V |
| Заразна жолтица | XI |
| Заштита од вошливост | IX и II |
| Вакцинации и ревакцинации | според планот на здравствената служба |
| Систематски лекарски прегледи | X, IV |
| Против епидемиолошки мерки | по потреба |
| Контрола на исхраната | секој ден |
| Организирање летување,зимување и излети во училиштето | X, I, V и VI |
| Организирање на воннаставни ученички активности и посети на институции од прог.за проф.ориентација | X, V и VI |
| Одржување на хигиена во училниците и во училиштето во целост | секој ден |
| Развој на самодоверба,самопочитување,комуникација,разбирање На другите и нивно прифаќање. | IX – VI |

## 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се вршат редовно во I, III ,V, VII и IX одделение во месец декември од Здравствен дом Гевгелија.

За учениците од одделенска настава се спроведуваат и стоматолошки прегледи и залевање трајни заби.За време на систематските прегледи учениците ќе ѓи придружува одделенскиот раководител а во почетните одделенија по потреба и родител волонтер.

## 18.3. Вакцинирање

Вакцинацијата се одвива според календарот за имунизација на РЗЗЗ која ја спроведува Здравствен дом Гевгелија. Задолжен за вакцинација се одделенските раководители и училишниот педагог.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Се реализира во рамки на предавањата од соодветни наставни предмети особено природни науки,биологија ,вештини на живеење како и некои содржини од странските јазици.Се реализираат активности од кампањата,,Здрава храна за детство без мана ‘‘со цел едукација на учениците за здравата исхрана,подигање на свеста,подигање на училишниот активизам,промоција и вклучување на родителите.

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

За подобрување на училишната дисциплина училиштето превзема повеќе конкретни активности. За дисциплината во училницата одговорен е одделенскиот – предметниот наставник, раководството на ученичката заедница и дежурните ученици. Училиштето изготвува распоред на дежурни наставници по денови во неделата. Тие се грижат за редот и дисциплината во ходниците, училниците и во кујната. За сите настанати инциденти благовремено е известена стручната служба и раководството на училиштето. Поставените видео камери дополнително ја подобруваат дисциплината во училиштето. Дисциплината на учениците за време и помеѓу и по часовите задоволува.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Преку реализација на општествено корисна работа кај учениците ќе се негува позитивниот однос кон работата .Во прилог на тоа во училиштето ќе се превземаат следните активности: одржување на училиштето преку уредување на училниците, ходниците, училишната зграда и училишниот двор.

Исто така во училиштето функционираат и вонучилишни ученички активности со кои ќе се создадат претпоставки за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците, а во интерес на уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето.

### 19.3. Етички кодекси

Во училиштето постои етички кодекс за наставници, ученици, родители и други лица вработени во училиштето. Истиот се ревидира и иновира на почетокот на секоја учебна година. Истиот е изложен на видно место во училиштето. Училиштето има изготвено еко кодекс кој содржи различни еко пораки за заштита и унапредување на училишната средина и пошироката локална средина.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

За подобрување на комуникацијата во училиштето се формира тим кој ќе направи анализа на критичките точки во комуникацијата. За подобрување на училишната клима и односите во училиштето може да се организираат заеднички состаноци-работилници, дебати, предавања, на кој ќе се разгледуваат слабостите во комуникацијата. Во тимот ќе бидат опфатени сите структури во училиштето и ќе биде составен од следните членови:

1. Мирослав Бошнаков - Директор
2. Снежана Кортова - Училишен одбор
3. Доца Апостолова - Совет на родители
4. Мартин Тунев - ученик
5. Марија Ангова - општествено-јазичен актив
6. Ѓорге Атанасов - природно-математички актив
7. Мара Пејкова - одделенски наставник

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Согледувајќи ја националната програма за развој на образованието и последната направена самоевалвација и интегрална евалуација и насоките на МОН и основачот неминовно ги наметнува потребите самите наставници да се свртат еден кон друг,како непосредна помош за сопствен и колегијален развој.Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој кој потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат.

### 20.2. Активности за професионален развој

Се планира организирање на обуки од секаков облик,семинари (во училиште и надвор од него)   работилници од најразлични теми поттикнати од потребите на наставниците заради одредени констатирани пропусти ( потребата од зголемување на квалитетот на работата на наставниците со учениците со ПОП,)  се определуваат ментори на наставниците почетници, се изготвуваат акциони планови за истите, а од оваа година по Критериуми дадени од МОН се избра и наставник ментор кој дава особен придонес во работата. Наставниците посетуваат обуки орагнизирани од БРО во врска со имплементирање на новата концепција.

Се врши дисеминација од проектите, се подготвуваат извештаи, се прави евалуација и од неа произлегуваат наредните приоритети за професионален развој.

### 20.3. Личен професионален развој

Се планира поединечно следење и напредување на наставниците, нивното вреднување преку однапред подготвени интерни критериуми,мотивирање на наставниците за постојано посетување на разни семинари,обуки,конференции,регионални средби заради стекнување на нови искуства,сертификати. Секој наставник е задолжен за водење на сопствено професионално досие за чија контрола се задолжени директорот и стручните соработници,инспекторите од ДПИ.

### 20.4. Хоризонтално учење

Ќе се реализира преку различни видови на организирања и пренесување на знаењата или размена на професионалното искуство, во рамки на стручните активи,организирање на отворени часови,работилници и активности на стручната служба, училишни тимови за проекти и наставници поединци  според нивните можности и афинитети.

**Препораки -** Целта овие препораки е истите да бидат што е можно попрактични, и за таа цел истите претставуваат низа од препораки кои се насочени кон оние наставници кои сакаат да ги унапредуваат нивните вештини и знаења во нивните училници.

-Бидете критични не прифаќајте ја технологијата на слепо ниту пак прифатете дека таа претставува универзален лек за се кој ќе ги  реши сите ваши проблеми.

-Правете рефлексија на сопствениот начин на предавање. Ако одете надолу по погрешен пат технологијата ќе ве одведе таму уште побрзо.

-Барајте можности за обука како и време од администраторите за учење како да се користи технологијата особено интернетот.Без разлика дали се работи за формални работилници за професионален развој,или за прирачник наменет за учење со сопствено темпо или инволвирање во искуствено учење.
-Придружете се во различни друштва(заедници на наставници).Овие заедници може да опфаќаат уште една личност од истото училиште или наставници од околните училишта или огромна мрежа од он лајн наставници од целиот свет кои ги споделуваат искуствата.
-Бидете спремни (расположени и подготвени) да бидете ученици уште еднаш. Наставниците треба да препознаат дека нивните желби и потреби да учат нови вештини или некое ново знаење(умеење)значи учење од други,без разлика дали тоа доаѓа при работа со нивните ученици,професионални тренери или други наставници.
-Бидете силни, имањето на ученици кои користат компјутери и интернет не значи дека улогата на наставникот исчезнува,напротив новата улога на наставникот бара да прави различни проекции,во насока на учење на учениците,при тоа инсистирајќи учениците да прават рефлексии на нивното сопствено учење и напредок,да прават евалуација (да ги оценуваат) информациите од интернет, да развијат вештини за објаснување на информациите а не само на нивното меморирање.

### 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

| Планирани активности | Задачи | Целна група | Временска рамка | Реализатори | Ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Анкета на наставниците за потребна обука | Анкета на наставниците | Наставници (одд. и предметна наст.) стручна служба | Јуни-јули | Тим за професионален развој на наставниците | Да се детектираат потребите на наставниците за професионален развој |
| Барање за организирање на обука до МОН и БРО за професионално оспособување на наставниците за работа со децата со ПОП | Конкретизирањ е на барањето (пр.како да се задржи фокусот на вниманието кај децата со аутистичен спектар на нарушување) | Наставници Стручна служба | септември | Тим за професионален развој на наставниците | Да се детектираат потребите на наставниците од дополнително едуцирање |
| Барање за организирање на обуки до МОН и БРО на други теми | Поднесување на барање до МОН и БРО | Наставници (одделенска и предметна настава) стручна служба | Септември-октомври | Стручните активи од одделенска и предметна настава | Професионален развој на наставниците според нивните потреби |
| Посета на обуки и семинари од воспитно-образовна важност во организација на МОН и БРО | Посочените наставници се обучуваат според планираните обуки | Наставници според барањата на Обуката | континуирано | Стручни соработници од МОН и БРО | Наставниците се обучени според планираната обука |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дисеминација на обуките во училиштето | Споделување на знаењето стекнато на обуката со колегите | Наставници (одделенска и предметна настава) | континуирано | Наставници (одделенска и предметна настава) | Наставниците се обучени според планираната обука |

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Советот на родители има изготвено програма за работа, врши детектирање на состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа,дава идејни планови за организација на активности во училиштето. Учествува во донесување на одлуки и решенија во интерес на сите субјекти во училиштето и нивна реализација. Училиштето организира распоред за средби со родители, има отворен ден за прием, истите се истакнати на огласна табла, се чита соопштение, се објавува на фб профилот на училиштето.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во почетокот на учебната година, на првата родителска средба, родителите од страна на одделенските раководители се информираат за планот и програмата според која ќе се изведува наставата, со што уште на почеток тие активно се вклучуваат со свои мислења и сугестии.

Родителите преку родителски средби, отворен ден за родители, индивидуални посети, соработка со директорот на училиштето,наставниот кадар, стручната служба и учениците се информирани за наставниот процес. Семејствата по потреба помагаат во прибирање и изработка на дидактички материјали и помагала.

Во одбележување на значајни датуми родителите активно учествуваат во реализација на работилници,продажни изложби. Вклучени се во поготовката на програмата за Патрониот празник на училиштето во изработка на гардероба и разни реквизити.

Во одбележувањето на Денот на шегата, Велигденските празници, Новогодишните празници, родителите активно учествуваат со свои идеи и производи. Истите имаат удел и во подготовката и уредувањето на училниците каде учат нивните деца со разни идеи и помош на наставникот.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Во училиштето се организираат едукативни работилници за родители на ученици кои нередовно ја посетуваат наставата, го намалиле успехот во учењето и /или манифестираат одредена форма на несоодветно однесување. Постојат советодавно

консултативни работилници индивидуални и групни (по потреба и домашна посета на семејствата) и друго. Се врши едуцирање на родителите за начините на кои можат да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца успешно да се справуваат со разни видови училишни тешкотии и животни предизвици. Трибини и работилници за актуелни теми наменети од родителите за родителите и др.

Секоја училишна година во училиштето се формира тим за изработка на информатор кој се дистрибуира до родителите со цел да се запознаат со работата на училиштето и поважните информации за учебната година. Истиот се изработува пред почетокот на секоја учебна година .

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето континуирано соработува со локалната самоуправа. Се предвидуваат состаноци, средби, трибини, посети на институции, помош при изготвување проекти. Се промовираат постигнати резултати на учениците и училиштето од различен вид. По повод детската недела од 1 до 5 октомври првачињата посетуваат некои од локалните институци, со цел да се запознаат со условите и околностите во коишто работат истите. Општината ги поддржува сите еко активности кои се спроведуваат во училиштето и се воспоставува соработка со општината за реализација на еколошката програма на локално ниво.

-*Институции од областа на културата*
Училиштето ги планира и следи објавените конкурси и натпревари на кои учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно – историски споменици музеи, театар, ликовни колании, дом на кутура, кино сали. Во текот на учебната година училиштето ги реализира планираните конкурси, натпревари и изложби.
Редовно се посетуваат културно- историски и верски знаменитости кои се наоѓаат во непосредната околина на општината.

-*Институции од областа на образованието*
Училиштето планира и реализира соработка со МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС- Лица одговорни за образование, други основни и средни училишта и др. Училиштето воспитно – образовната работа ја реализира во согласност со упатствата и насоките добиени од МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС- Сектор за основно образование. Според истите постапува и им ги доставува навремено бараните податоци. Континуирано се остваруваат средби помеѓу директорите на основните училишта во општината и пошироко на кои се разменуваат искуства и мислења.Постои соработка помеѓу сите основни и средни училишта на разни нивоа, за размена на искуства, но и се следи успехот на учениците кои преминале во друго основно училиште или го продолжиле образованието во средните училишта.

-*Невладини организации*

Нашето училиште соработува со невладини оргагнизации од општина Дојран, ЗЖ „Дојрана” - Нов Дојран, ЗЖТ„Ишик“ - Нов Дојран , како и пошироко: USAID, OBSE, Инклузива, Чекор по чекор, итн.

-*Здравствени организации*

Заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените училиштето соработува со повеќе здравствени организации. Стоматолошките прегледи на учениците како и предавања за орална хигиена соработува со Здравен Дом Богданци, за систематските прегледи на учениците како и редовната вакцинација соработува со Здравен Дом Гевгелија.
Секоја година за вработените се организираат санитарни прегледи, а на секоја втора година целосни систематски прегледи од здравствена установа. Соработката со осигурителни компании се остварува доброволно во зависност од интересот на учениците и вработените. Во училиштето редовно се организираат предавања со едукативен карактер со теми значајни за здравјето на учениците. Овие предавања ги изведува локалниот лекар од Амбулантата во Нов Дојран.

-*Медиуми (со цел промоција на училиштето)*
Со цел подобро информирање на јавноста и промоција на работата на училиштето се промовира преку локален пишан медиум и веб страна на Општината како и соработка со локалните телевизии од соседните општини.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Следење на работата на наставниците кои имаат во паралелките деца со ПОП | Физичко присуство на часови X, II | Стручна служба | Директорот |
| Следење и поддршка на наставниците при имплементирање на новите наставни програми за I/IV одд. | Физичко присуство на часови X, II | Стручна служба | Директорот |
| Следење на оценувањето на учениците во одделенска настава | Тромесечие/полугодие | Стручна служба | Директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење и поддршка на работата на Ученички парламент | Во текот на целата наставна година | Класни раководители Претседател на ученички парламент<br><br>Стручна служба | Директорот Ученички правобранител |
| Следење на одржувањето и ефектот на вонннаставните активности на учениците во одделенска настава и во предметна наства | Посета на секции, клубови, акции и сл. (IX-VI) | Стручна служба | Директорот Одделенски и предметни наставници |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

| АКЦИОНЕН ПЛАН | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЦЕЛ<br>Реализирање современа и квалитетна настава | | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Задача | Активност | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | Одговорни лица | Начин на спроведување | Инструменти | Очекувани резултати | Информирано лице |
| *евалуација на годишната програма* | Следење на реализација на Годишна програма | | | | | | | | | | | | | Стручна служба, наставници | Состаноци, консултации, анализи на реализација | Анализи,записници, статистички и текстуални извештаи | Успешна реализација | Директор |
| | Анализа на работата на стручните активи | | | | | | | | | | | | | Претсед на стручни активи | Анализи и дискуси и по извештаи од стручните активи | Записници, анализи, извештаи | Успешна реализација | Директор |
| | Следење на инклузијата на учениците со ПОП во паралелките како во редовна така и во воннаставните активности | | | | | | | | | | | | | стручна служба наставници<br>инклузивен тим | Состаноци, консултации, чек листи, формулари | Анализи, записници, статистички и текстуални извеш | Успешна и целосна Инклузија | Директор |
| | Следење на работата и напредокот на надарените и талентираните ученици во паралелките кај што има такви уч. | | | | | | | | | | | | | Наставник<br>Стручна служба | Посета на часови<br>Следење за време на СУА | таи<br>дескриптивна анализа | Правилно фокусирање на овие уч. | Стручна Служба<br>Директор |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Анализа на оценувањето на учениците во одделенска и предметна настава | | | | | | | | | | | | | Одделенски и наставнички совет | Статистички анализ и на постигнатиот успех на ученицит | Статистички прегледи и формулари | Подобрување на постигањата на учениците | Директор, стручна |
| | Изготвување анализи на постигањата по класификациони периоди | | | | | | | | | | | | | Наставници стручна служба | Анализ и на постигнатите резултати на учениците | Статистички прегледи и формулари | Подобрување на постигањата на учениците | Наставници, стручна служба |
| | Следење на проф. развој на вработените | | | | | | | | | | | | | Наставници стручна служба | Посета на час, нагледни часови и СУА | Чек листи, формулари | Подобрување на квалитетот на наставата | Директор |
| | Следење на реализација на наставните часови како и реализацијата и ефектот од воннаставните активности | | | | | | | | | | | | | Директор, стручна служба | Посета на час, разговор, увид во дневни подготовки | Чек листа, записник, евидентни листи | Развивање и правилно насочување на талентот кај учениците | Директор |
| | Набавка и користење на наставни материјали и средства во зависност од потребата на наставникот по моделот на современо училиште | | | | | | | | | | | | | наставници Стручна служба | Анкета на потреби набавки | Анкети, пописни листи | Подобрување на ловите за абота во бинетите | директор |

## 25. Заклучок

Целта на основното образование и воспитание е да им овозможи на учениците индивидуален развој во согласност со нивните предиспозиции и возрасните карактеристики, да усвојуваат знаења и умеења за природата, општеството и човекот и да се оспособуваат за нивна примена во животот и натамошното образование, кај нив да се развива чувството за одговорност, вистината, значењето на трудот на човекот, смислата за убавото, културните традиции и свеста за

припадноста на Републка Северна Македонија. Да ги почитуваат и исполнуваат граѓанските права и обврски. Основното воспитание и образование ги има следниве основни задачи:

-Да ги воспитува учениците за почитување на основните права и слободи на човекот за живеење во демократска заедница;

-Да негува правилен физички развој кај учениците, одговорноста за сопственото здравје, здравјето на другите и за зачувување на природната средина;

-Да го поттикнува и да создава претпоставки за сознајниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците;

-Кај учениците да ја развива самостојноста, креативноста и да го збогатува интересот за усвојување нови знаења и способности за учење;

-На учениците да им овозможи да стекнат основни знаења, умеења во областа на јазикот, математиката, природните и општествените науки за човекот, техничките средства, информатичката технологија и уметностите;

-Учениците да ги оспособува за усно и писмено изразување на македонски јазик, а припадниците на нациолнаностите на нивниот мајчин јазик (албански, турски, српски);

-Да им овозможува на учениците да усвојат знаења за минатото, традициите и државноста на Република Северна Македонија;

-Учениците да изучуваат странски јазици и да се запознаваат со други култури и со достигнувањата и вредностите на други земји и народи во светот;

-Учениците да ги оспособува за стекнување знаења, доживување, изразување во областа на ликовната и музичката уметност, народните игри и балетот;

-Да изградува умеење и навики за здрав начин на живеење, правилен психофизички развој, систематско негување на менталното здравје, личната и колективна заштита и заштита на животната средина;

-Да создава услови за забрзан развој на талентираните ученици како и за потребите на децата со пречки во психофизичкиот развој.

Со цел училиштето да реализира современа дигитална и ефективна настава, директорот на училиштето со својот тим изготвува Годишна програма за работа на училиштето, која претставува суштински документ кој треба ефикасно да не води при реализација на планираните глобални активности, ефикасно следење на сите субјекти во воспитно образовниот процес и има општо насочувачки карактер. За секое подрачје од дејноста се изработени подетални планови и програми кои се во прилог на оваа програма.

Програмата е отворена за нови идеи, програми и проекти, кои ќе водат кон унапредување на воспитно образовната дејност на училиштето.

Годишната програма за работа на училиштето може да се измени и дополни во текот на нејзината имплементација.

Она што е битно да се знае е дека Годишната програма за работа на училиштето по својата структура во целост одговара на структурата на Планот за развој на училиштето.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Годишната програма беше изработена од страна на:

- Мирослав Бошнаков – директор
- Жаклина Кречева – педагог
- Стефани Шапкарова – психолог
- Танжу Билалоглу – проф. одд. наст.
- Зорица Илиева - проф. англиски
- Тунев Мартин - училишен парламент

## 27. Користена литература

- Законот за основно образование;
- Статут на училиштето;
- Наставните планови и програми по наставни предмети и подрачја;
- Развојна програма на училиштето;
- Годишен извештај на училиштето од учебната 2019/2020 година;
- Извештај од редовни посети и увиди од Државниот просветен инспекторат;
- Извештај од самоевалуацијата од 2017/2018 година,
- Извештај од интегралната евалвација на училиштето од 08. 02 .2019 година.
- Извештај за финансиско работење на училиштето;
- Записници и анализи од Училишен одбор,
- Наставнички совет,
- Стручни активи
- Совет на родители;
- Документи и акти на МОН – укажувања, насоки;
- Закон за работни односи;
- Подзаконски и интерни акти во училиштето и правилници
- Концепција за деветгодишно воспитание и образование.

## ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ


1. Годишна програма за работа на директор..........................................................70
2. Годишна програма за работа на педагог.............................................................74
3. Годишна програма за работа на дефектолог.......................................................80
4. Годишна програма за работа на психолог...........................................................82
5. Годишна програма за работа на библиотека.......................................................87
6. Годишна програма на Училиштен одбор.............................................................89
7. Годишна програма на совет на родители.............................................................90
8. Годишна програма наставнички совет..................................................................91
9. Годишна програма на стручни активи..................................................................93
10. Годишна програма на училиштен инклузивен тим..........................................101
11. Годишна програма хор и оркестар.....................................................................102
12. Годишна програма на заедница на паралелката...............................................105
13. Годишна програма на ученички парламент.......................................................106
14. Годишна програма на ученички правобранител...............................................107
15. Распоред на часови.............................................................................................110
16. Распоред на дежурни наставници......................................................................111
17. Програма за додатна настава..............................................................................112
18. Програма за дополнителна настава....................................................................113
19. Програма за реализација на ученички натпревари...........................................114
20. Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција.............. 115
21. План за професионална ориентација на учениците 118
22. План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација.....................................................................121
23. План за следење и анализа на состојбите со оценувањето.........................................122
24. План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар..............................................................................................123
25. Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)..........................................................................................................124
26. Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар...........132
27. Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите.................134
28. Програма за соработка со локална средина и локална заедница....................................135
29. Програма за грижа за здравјето на учениците.................................................................137
30. Програма за јавна и културна дејност на училиштето.....................................................138
31. Проргама за антикорупциска едукација на учниците.......................................................140
32. Програма за самоевалуација на училиштето....................................................................142
33. Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди.........................................143
34. Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште..........................................................................................................................144

## Годишен глобален план и програма за работата на директорот

| Дејности и подрачја |
|---|
| 1. Концепциско програмско подрачје |
| 2. Следење на организацијата и реализацијата на воспитно образовната и др.стручно педагошка дејност. |
| 3. Стручно,педагошко психолошко усовршување на наставникот и другиот стручен кадар во училиштето. |
| 4. Работа со наставници и друг стручен кадар во училиштето. |
| 5. Работа со стручните органи во училиштето |
| 6. Аналитичко-студиска работа |
| 7. Соработка со учениците и ученичките организации |
| 8. Соработка со родителите на учениците |

При конципирањето на Годишниот глобален на директорот ползувани се материјали од понови изданија на прирачницизборници и написи сврзани со педагошко-инструктивната работа на директорот.

Планот ќе се реализира во две фази:

а) *Подготвителна фаза*

-ќе се проучуваат адекватни извори на соодветна литература

-ќе се изврши анализа на училишната документација од претходната учебна година

-ќе се изврши анализа на реализацијата на сопствената годишна програма од претходната учебна година и на искуствата од другите училишта

-ќе се проучуваат условите за работа во училиштето(материјално-технички,просторни,кадровски и др.)

-ќе се одредат формите,постапките,инструментите и другите елементи за успешно реализирање на поставените задачи

- ќе се определат соработници за реализација на планот

*б) Фаза на реализација*

-ќе се изврши распоредување на задачите по одделни групи
-ќе се изработи месечна програма за реализација на поставените задачи со назначено време и соработници

| Програма за работа на Директорот<br><br>Учебна 2021/22г. | | |
|---|---|---|
| Месец | Содржинанаработата | Соработник-реализатор |
| Август | -Изготвување на Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2021/22година<br>-Организациони подготовки за почеток на учебната година и насочување на активностите за остварување на дејноста на училиштитето.<br>-Задолжување на наставниците за изработка на месечни програми за реализацијата на задачите на стручните активи, ученичките организации и вон наставни активности во согласност со Годишната програма.<br>-Учество во изготвување на распоред на часови за учебната 2021/22 година-<br>Присуство на Седница на Совет на општина Дојран. | Директор<br><br>Стручна служба |
| Септември | -Увид во изготвените годишни глобални тематски планирања и нивната примена.<br>-Увид во водењето на педагошката евиденција, и соработка со стручен и детски печат.<br>-Непосредна комуникација и помош на наставниците почетници во идентификување на проблемите во планирањето, организацијата и реализацијата на наставата и воннаставните активности<br>- Изготвување на предлог листа за набавка на нови нагледни средства и помагала | Директор<br><br>Стручна служба |
| Октомври | -Посета на наставни часови и водење на евидентни листови и консултации за посетените часови<br>-Увид во работата на стручните активи, ученичките и други дејности според Годишната програма на училиштето.<br>-Презентирање на резултатите од посетата на часови и увид во додатна и дополнителна настава и давање предлог мерки. | Директор<br><br>Стручна служба |
| Ноември | -Посета на наставни часови во ПУ<br>-Учество во работата на одделенските активи за утврдување на успехот , поведението и редовноста на учениците во првото тромесечие<br>-Професионално и стручно усовршување на наставниот кадар во училиштето во текот на учебната година | Директор<br><br>Стручна служба |
| Декември | -Извештај за постигнатите резултати на учениците во првото тромесечие<br>-Посета на наставни часови и часови од СУА<br>-Укажување помош на комисиите за попис на | Директор<br><br>Стручна |

| | | |
|---|---|---|
| | имовината на училиштето<br>-Вршење подготовки за изготвување на завршната сметка на училиштето. | служба |
| Јануари | -Организирање и одржување на состаноци на одделенските и предметните совети колегиуми по завршувањето на првото полугодие.<br>-Подготовка и реализација на Наставнички Совет<br>-Изготвување на полугодишен извештај за работата на училиштето<br>- Изготвување на информации,анализи и други стручни материјали во врска со реализацијата на воспитно-образовната програма | Директор<br><br>Стручна служба |
| Февруари | -Укажување помош во организацијата на родителските средба<br>- Соодветна работа со родителите на учениците кои имале одредени тешкотии во учењето.<br>-Увид во примената на иновациите во иноваторскиот процес<br>-Укажување помош во организирањето на културно-забавниот живот на учениците | Директор<br><br>Стручна служба |
| Март | -Увид во работата на одд.заедници<br>Укажување помош во организацијата за подготовка на училишните,општински и републички натпревари и изведување на истите<br>-Увид во педагошката евиденција и дневните подготовки на наставниците<br>-Посета на наставни часови и часови од СУА | Директор<br><br>Стручна служба<br>Одговорен наставник |
| Април | -Увид во работата на стручните активи и ученичките организации и други дејности според Годишната програма на училиштето.<br>-Укажување помош во тестирањето на учениците од одделенската и предметната настава<br>-Посета на наставни часови и часови од СУА<br>-Извештај за постигнатите резултати на учениците во трето одделение<br>-Укажување помош во организирањето на ученичките екскурзии и успехот на првачињата | Директор<br><br>Стручна служба |
| Мај | -Посета на наставни часови и часови од СУА<br>- Изготвување на документација и листови за уредување на работата на наставниците и други стручни работници<br>- Вршење на анализа на постигнатите резултати од тестирањето и натпреварите на учениците.<br>-Сумирање и анализа на резултатите на стручните активи и другите дејности на училиштето<br>-Подготовка и организација на патрониот празник на училиштето | Директор<br><br>Стручна служба |
| Јуни | -Организирање и одржување на седниците на одделенските колегиуми по завршувањето на учебната година и организирање на продолжителна настава.<br>-Разгледување и утврдување на постигнатите резултати на крајот на учебната година со подготвен извештај<br>-Распределба на часовите по предмети за наредната | Директор<br><br>Стручна служба |

| | | |
|---|---|---|
| | учебна година и одредување на одделесмки раководители<br>-Изготвување на годишен извештај за работата на училиштето,со претходно совладување на карактеристичните проблеми во наставниот процес.<br>-Подготовка за изработка на Годишната програма за наредната учебна година на училиштето | |

Во месечната програма на директорот се воведени месечни задолженија,односно по едно неделно. Покрај тоа внесени се и тековните работи или содржини ќе се формулираат во времето на нивната реализација. Меѓутоа работата на директорот не е ограничена само на задолженијата што се внесени во приложениот план и програма.

Директорот е должен да реализира и други работни задачи, како на пр:

- Да решава низа персонални прашања за пополнување на испразнети работни места
- Да соработува со Советот на родителите
- Да соработува со другите училишта од околината и надвор од неа поради размена на искуства
- Да учествува на семинари и советувања во организација на БРО на Македонија и други стручни институции
- Да води сметка за средината – одржување на меѓучовечките односи во училиштето и др.
- При реализацијата на програмата и планот за работа на директорот ќе се почитуваат и сугестиите од БРО на Македонија.

**Директор:**
Мирослав Бошнаков

## Годишна програма на педагог

| Годишна програма за работа на педагогот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Подрачје I – РАБОТА СО УЧЕНИЦИ | | | | |
| бр. | Активности | Време на реализација | Соработници | Индикатори |
| *Поддршка на учениците во учењето* | | | | |
| 1. | Работилници за подобрување на учењето на учениците преку едукација за Модели на успешно учење | Прво полугодие | педагог дефектолог | Подобрен успех на учениците |
| 2. | Индивидуално и/или групно поучување на учениците со потешкотии во учењето | Континуирано во текот на учебнта годината | педагог дефектолог | Едукација на ученици за надминување на потешкотиите во учењето |
| 3. | Самооценување на работата и дисциплината на учениците | Континуирано во текот на учебната годината | наставници | Подобрена работната атмосфера и дисциплината во паралелките |
| 4. | Учество во изработка на индивидуален образовен план за ученици со пречки во развојот | Август-септември | педагог дефектолог наставници родители | Приспособени наставни содржинисогласно нивните потреби и можности |
| Следење и поддршка на развојот на учениците | | | | |
| 1. | Помош на учениците за справување со кризни ситуации(болест, смрт, развод, семејно насилство). | Континуирано во текот на годината | педагог | Стручна помош и поддршка на учениците во надминувањето на состојбите |
| 2. | Проверување- читање со размислување на учениците | Второ полугодие | педагог | Увид во читањето со размислување кај учениците |
| 3. | Проверување на брзина и точност на читање на учениците како и нивните предчитачки способности | Прво плугодие | педагог | Увид во усвоеноста на техниката на читањето кај учениците |
| 4. | Интервенирање при несоодветно однесување на учениците | Континурано во текот на учебната година | педагог | Разрешени настанати конфликти и проблеми |
| 5. | Реализирање работилници и други активности со ученици за Превенција од насилно однесување | Континурано во текот на учебната година | педагог | Подобрено однесување на одредени ученици и подобрена врсничка комуникација |
| 6. | Работилници на теми поврзани со физичкото и менталното здравје (зависности, асоцијално однесување, дискриминација и сл.) | Континурано во текот на учебната година | педагог | Надминати одредени здравствени состојби кај учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Учество во идентификацијата и реализацијата на воннаставни активности на учениците | Септември-октомври | педагог | Зголемена демократската партиципација на учениците во активностите на училиштето |
| 8. | Реализирање активности со Ученичка и Детска организација за практикување демократија и детски права во училиштето | Континуирано во текот на годината | педагог | Зголемена демократската партиципација на учениците во активностите на училиштето |
| 9. | Советување и следење на ранлива група ученици | Континуирано во текот на годината | педагог | Подобрен успех и поведение на учениците |
| Професионална и кариерна ориентација на учениците | | | | |
| 1. | Информирање на учениците за можностите и перспективите на професиите и мрежата на средни училишта/ високообразовни институции | Прво полугодие | педагог | Правилен избор на идната професија на учениците |
| 2. | Организирање презентации на средните училишта/високообразовните институции и стопанските субјекти | Во текот на годината | педагог | Запознавање на учениците со струките во средните училишта |
| 3. | Индивидуално и групно советување на учениците за правилен избор на понатамошно образование или професија | Во текот на годината | педагог | Соодветно насочување и правилен избор на учениците за идната професија |
| 4. | Активности за професионална ориентација и кариерно образование на учениците | Во текот на годината | педагог | Спроведени анкети,тестови и прашалници за правилен избор на идната професија на учениците |
| Подрачје II – РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ | | | | |
| *Поддршка на наставниците за планирање и реализацјија на восп.- образ. Процес* | | | | |
| 1. | Стручна помош и поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес | Во текот на годината | педагог | Подобрен квалитет на работата на наставниците |
| 2. | Помагање на наставниците при изработка на објективни тестови на знаења | Во текот на годината | педагог | Правилна изработка на тестови на знаења |
| 3. | Давање насоки и стручна помош за документирање на постигањата на учениците (групни,индивидуални консултации) | Прво полугодие | педагог | Правилно формативно следење и оценување на учениците |
| 4. | Стручна помош и менторирање на наставници приправници | Во текот на годината | педагог | Насочување на приправниците за правилно и одговорно извршување на работните задачи |
| 5. | Изработување инструменти за самовреднување на наставата | Прво полугодие | педагог | Евалуација на работата |
| 6. | Состаноци со координаторите и одговорните на проектите и организациите во училиштето | Во текот на годината | педагог | Евалуирани активности и издвоени идни приоритети |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Поддршка на наставниците за работа со учениците* | | | | |
| 1. | Едукативни работилници за наставници (според потребите на наставниците) | Во текот на годината | педагог | Според потребите на наставниците Подобрен квалитет на наставата |
| 2. | Следење и стручни консултации со наставниците за примена на активна настава во воспитно-образовниот процес и интеракција У-У | Во текот на годината | педагог | Применување на активна настава и интеракција во наставата |
| 3. | Објаснување и демонстрирање начини на кои може да им се помогне на учениците за користење различни приоди во учењето | Во текот на годината | педагог | Подобрена работата на наставниците |
| *Поддршка на наставниците за работа со родителите* | | | | |
| 1. | Упатување на наставниците кон поефективна комуникација и соработка со родителите | Во текот на годината | педагог | Подобрена комуникација наставник-родител |
| 2. | Градење стратегија за соработка со одделни групи родители или поединци во разни области | Прво полугодие | педагог | Активно вклучени родителите во работата на училиштето |
| 3. | Предлагање содржини за Совет на родители и родителски средби соодветни на потребите | Во текот на годината | педагог | Реализирани содржини според потребите |
| Подрачје III - РАБОТА СО РОДИТЕЛИ | | | | |
| *Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите* | | | | |
